Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 05.02.2020

На 04.02.2020 во 18.40 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Ќ.С.(50) од Гостивар, затоа што при преглед кај него бил пронајден хероин. Тој биле задржан во Полициската станица Гостивар и по документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.02.2020 во 10.55 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Љубљанска", при извршен преглед кај Г.З.(19) од Тетово, пронашле прашкаста материја, а кај Е.З.(19) од Тетово пронашле нож. Двајцата биле приведени и по документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 04.02.2020 во 20.00 часот на бул.„Партизански одреди" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Р.А.(36) од Скопје, затоа што се барал за доиздржување на затворска казна.

На 04.02.2020 во 20.30 часот на ул.„Стојна Стевкова" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(31) од Скопје, затоа што се барал за издржување на казна затвор од две години.

На 04.02.2020 во 13.30 часот од слобода бил лишен В.Џ.(31) од Р.Србија, поради извршени кривични дела „тешка кражба" и „непријавен престој на територијата на Р.С.Македонија". Тој бил приведен во СВР Куманово и во текот на денешниот ден ќе биде изведен пред судија на претходна постапка при Основен суд Куманово.

На 04.02.2020 во 17.15 часот на Граничниот премин „Табановце", при контрола во личниот багаж на К.М.(23) од Р.Албанија, биле пронајдени 17 куршуми за гасен пиштол. Тој бил приведен и заедно со пронајдените предмети бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 04.02.2020 во 14.50 часот на Граничниот премин „Табановце" од слобода бил лишен И.М.(42) од Р.Србија, затоа што при проверка било констатирано дека се наоѓа на СТОП-листа. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Тетово за понатамошана постапка.

На 04.02.2020 во 12.00 часот во с.Драгош, битолско, кај место викано „Лазаров бунар", полициски службеници од Полициска станица Меџитлија ги лишиле од слобода Р.Р.Г.(48), Г.Б.Х.М.(30) и Ј.М.С.(44), сите од Куба, поради сторен прекршок „незаконско преминување на државната граница". Лицата биле предадени на полициски службеници од Регионален центар за гранични работи „Југ" за понатамошна постапка.

На 04.02.2020 во 12.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Свети Климент Охридски", во моментот на отпочнување со движење на автобус на ЈСП од автобуска постојка, управуван од Д.К.(55) од Скопје, на второто ниво во внатрешноста на автобусот паднала патничката М.Ј.(77) од Скопје. Притоа, таа се здобила со тешки телесни повреди, по што била пренесена во Градската општа болница „Свети Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.02.2020 во 10.30 часот на магистралниот пат Штип - Миладиновци, кај клучка Свети Николе, патничко возило „пежо 405", со француски национални ознаки, управувано од М.П.(60) од Берово, излетало од коловозот и удрило во заштитна ограда. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил возачот по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 04.02.2020 во 12.00 часот на улица „101" во Гостивар, патничко моторно возило „форд" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од З.З.(44) од Гостивар, удрило во осумгодишен пешак од Гостивар. Во незгодата, детето се здобило со тешки телесни повреди по што бил пренесено во Медицинскиот центар Гостивар за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 04.02.2020 во 21.45 часот на крстосница од улиците „Ацо Шопов" и „Фјодор Достоевски" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.К.(37) од Скопје и патничко возило „даеву тико", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.М.(59) од с.Шишево, скопско. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобиле сопатниците во возилото „даеву тико", Ф.С.(68) од с.Шишево, која била пренесена во Градската општа болница „8 Септември" и осумгодишно дете од с.Шишево, кое било пренесено во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Додека, со телесни повреди се здобил возачот А.М. и сопатниците од истото возило М.М.(60), Н.М.(31) и деветгодишно дете. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.02.2020 во 11.00 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Н.(29) од Скопје пријавил дека на бул.„Трета македонска бригада" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 04.02.2020 во 09.30 часот на магистралниот пат Градско – Прилеп, во близина на тунелот кај с.Фариш, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „фолксваген крафтер", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.А.(28) од Скопје, патничко возило „цитроен берлинго", со битолски регистарски ознаки, управувано од З.П.(56) од Битола и патничко возило „мазда", со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.К.(44) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Р.К.(39) од Скопје, сопатник во патничко моторно возило „мазда", кој бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Велес.

Во текот на 04.02.2020 на подрачјето на СВР Скопје 55 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 04.02.2020 во 11.10 часот во Полициската станица Карпош, М.С.(75) од Скопје пријавила дека на ул.„Франц Прешерн" била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против тројца малолетници на возраст од 14, 15 и 16 години, сите од с.Врапчиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 29.08.2019 во с.Врапчиште, пријавените физички нападнале 15-годишен малолетник од с.Врапчиште.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против двајца малолетници на возраст од 15 и 17 години, двајцата од с.Луке, кривопаланечко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 12.11.2019 во близина фирма во с.Луке, пријавените со тврди предмети го нападнале Т.М.(59).

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ф.С.(30) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 10.01.2020 Ф.С. во Охрид се сретнал со Б.Ч. од Охрид, со кого имал договор за купопродажба на патничко возило и му исплатил 700 евра, а остатокот од парите требало да му ги доплати по склучување на договорот за купопродажба. На нотар склучиле договор за купопродажба дека возилото се продава за 600 евра, по што не му ја доплатил договорената сума.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.Д.(54) од с.Режановце, кумановско и ДПТУ „Бохуд ДООЕЛ" увоз - извоз Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување или повластување на доверители". Првопријавениот, како сопственик и управител во второпријавеното правно лице, во периодот од 2013 до крајот на 2015 остварил негативни резултати при работењето, за што сметката на друштвото била блокирана. Со намера да го одбегне целосното плаќање на данок, како и подмирувањето на достасаните обврски спрема доверителите, го продолжил нерентабилното работење на друштвото, неиницирајќи постапка за поведување на стечај. Во наведениот период лажно прикажувал податоци во финансиските извештаи, кои ги доставувал до Централниот регистар на Р.С.Македонија. При извршена контрола од Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Штип, во 2016 констатиран е прикриен данок од 1.050.943 денари, за што против првопријавениот била водена судска постапка, а над второпријавеното правно лице била отворена стечајната постапка. Од изготвените наод и мислење било потврдено дека во 2013 е прикажана залиха на недовршено производство и залиха на готови производи од 7.766.320 денари, кои од Стечајниот управник на второпријавеното правно лице не се пронајдени во магацинот, за кој износ пријавените се стекнале со лична корист, а на штета на доверителите кои во стечајната постапка пријавиле побарувања во вкупен износ од 8.544.761 денари, од кои Регионалната дирекција Штип на Управата за јавни приходи при Министерството за финансии, пријавила побарувања во износ од 1.305.892 денари, за кој износ е оштетен Буџетот на Р.С.Македонија.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Д.В.(40) од Пехчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба при склучување на договор меѓу заинтересирани страни". На 08.04.2016 во својство на овластено одговорно лице во фирма, ја злоупотребил својата службена положба и овластување на начин што како заинтересирана страна свесно склучил преддоговор за деловно - техничка соработка со фирма од Скопје, за користење на насади со модра слива на место викано „Симин рид",на земјоделско земјиште во државна сопственост во атар на Пехчево, кое во 2008 го зел под закуп - концесија на 30 години и, согласно потпишаниот договор со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, не смее да го дава под закуп и плодоуживање на друг, со што за себе противправно прибавил имотна корист од 870.000 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.М.(31) од Кочани и Б.Д.(32) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 22.11.2018 полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани, при преглед кај С.М. во патничко возило „дачиа", пронашле и одзеле марихуана, која ја купил од Б.Д., кој им овозможил да уживаат марихуана на С.М. и на Н.Ј.(22) од Кочани. При извршен преглед и претрес, по издадена судска наредба, кај Б.Д. и во патничко возило „фолксваген", биле пронајдени и одземени дробилка и марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б.А.(27) од с.Дреноец - Пороj поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување,држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 02.09.2019 на ул.„Гоце Делчев" во Кичево, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „ауди", управувано од Б.А., при што пронашле пиштол „таурус" калибар 9 мм и рамка со десет куршуми.

На 04.02.2020 полициски службеници од Полициската станица Пробиштип го лишиле од слобода Д.К.(33) од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривично дело „тешка кражба" извршена од црквата „Успение на Пресвета Богородица" во Пробиштип. По целосно комплетирање на случајот, против Д.К. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.02.2020, при преземање мерки за откривање на сторители кои вршат незаконит риболов, полициски службеници од СВР Охрид во близина на с.Пештани, до брегот на Охридското езеро, пронашле и одзеле две вреќи со 52 парчиња уловена риба пастрмка, 11 риболовни мрежи и друг риболовен прибор. Тие се предадени во Хидробиолошки завод Охрид, а по пронаоѓање на сторителите на кривичното дело „незаконит риболов", СВР Охрид ќе им поднесе соодветна пријава.

На 04.02.2020 полициски службеници од полициска станица Кисела Вода ја пронашле Н.П.(51) од Скопје, за која на 02.02.2020 во 19.30 часот било пријавено дека се оддалечила од семејниот дом.

На 05.02.2020 во 02.20 часот во СВР Скопје, Д.С.(24) од Куманово пријавил дека околу 02.05 часот, пред угостителски објект на бул.„Климент Охридски" во Скопје, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.02.2020 во 23.30 часот во СВР Скопје, П.С.(24) од с.Миравци, гевгелиско, пријавил дека околу 23.00 часот во студентски дом на бул. „Александар Македонски", тој и М.М.(22) од Р.Србија биле физички нападнати од Г.В.(21) од Р.Албанија, сите студенти сместени во домот. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 04.02.2020 во 15.20 часот во СВР Скопје, Х.С.(48) од Скопје пријавила дека околу 14.50 часот во амбуланта во с.Трубарево, скопско, Н.С. ѝ упатувал закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.02.2020 во 21.50 часот во СВР Скопје, Н.С.(23) од с.Идризово, скопско, пријавил дека околу 17.30 часот во автобус бр.53, кој сообраќал на релација Скопје - с.Катланово, поради нерасчистени имотно - правни односи, бил физички нападнат од М.М. од с.Катланово, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.02.2020 во 13.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, A.S.(38) од Скопје пријавила дека на 31.01.2020 околу 13.00 часот на ул.„Ѓорѓи Димитров" нејзиниот 13-годишен син бил физички нападнат од 14-годишен малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.02.2020 во 00.20 часот во СВР Скопје, Д.Б.(25) од Скопје пријавил дека околу 00.15 часот на ул.„Жан Жорес" бил физички нападнат од М.А.(50) и Ј.Д.(46), двајцата од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 и член 6 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 04.02.2020 околу 12.15 часот во СВР Скопје, А.О.(21) од с.Арачиново, скопско, во маркет во с.Арачиново, поради меѓусебни недоразбирања, бил физички нападнат од С.А.(50) од с.Арачиново. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.02.2020 во 14.05 часот во Полициската станица за Надворешно физичко обезбедување - Скопје, од Британската амбасада било пријавено дека по пошта пристигнал сомнителен пакет, адресиран за вработен кој не очекувал никаква пратка. При преземени мерки, полициски службеници од Единицата за откривање на експлозивни средства и направи утврдиле дека не станува збор за експлозивна направа, туку во пратката има бел коверт, во кој имало две епрувети, кои биле одземени и дадени на вештачење. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 04.02.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.Б.(39) од Скопје пријавил дека на ул.„Зендел Џемаил" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет